Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а согласно Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2025 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.44/23), Правилник за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти (Сл.гласник бр.45/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница одржана на ден 20.06.2025 година, донесе ,

# О Д Л У К А

## За распределба на финансиски средства по Јавен повик за прибирање на предлог проекти по приоритетни области

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци врши распределба на финансиските средства согласно Јавен повик бр.14-2828/1 од 07.05.2025 година за прибирање на предлог проекти по приоритетни области, согласно Програма за развој на невладиниот сектор на Општина кавадарци за 2025 година, и тоа:

| ПРОЕКТИ КОИ СЕ ОДОБРЕНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр | Организација | Проект | Бодови | забелешка (одобрени средства) |
| 1 | Здружение на граѓани ЏОЛОМАРИ | Музеј на џоломари | 90 | 200.000,00 денари |
| 2 | Доброволно противпожарно друштво САШКО ГЕШОВСКИ Кавадарци | Зајакнување на капацитетите на ДПД Сашко Гешовски Кавадарци | 88 | 150.000,00 денари |
| 3 | Здружение на мотоциклисти Мото клуб Тиквеш Рајдерс | Мото фест 2025 во чест на 12-те Ваташки младинци | 87 | 150.000,00 денари |
| 4 | Балетско студио "Венус" при Здружение на граѓани "Сцена прва" – Кавадарци | Танцов перформанс "Хала" | 86 | 150.000,00 денари |
| 5 | Здружение за промоција и унапредување на културата, образованието и науката, филм и продукција ТИУНУМ Кавадарци | Долгометражен филм – "Минуваат ли облаците" | 82 | 100.000,00 денари |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Здружение на граѓани Тиквеш Бајк КЗ | Заедно до природата преку велосипедизам и планинарство | 78 | 100.000,00 денари |
| 7 | Здружение на Пензионери Кавадарци | Промовирање на македонска традиција од страна на ЗП Кавадарци | 75 | 100.000,00 денари |
| 8 | Македонски ротвајлер клуб | 5-ти Балкански камп за унапредување на работа со кучиња | 65 | 80.000,00 денари |
| 9 | Центар за Поддршка на Детскиот Развој – ЦПДР, Кавадарци | Корекција на артикулациски нарушувања кај деца од 5 до 8 години | 63 | 80.000,00 денари |
| 10 | Здружение за развој, едукација и забава на децата со занаети и професии ПАНЧЕЛИТО Кавадарци | Што знаеме ние | 63 | 80.000,00 денари |
| 11 | Здружение на граѓани Кавадион - Кавадарци | Легенди од тиквешијата | 62 | 80.000,00 денари |
| 12 | Здружение на граѓани Љубители на уметноста и културата РОДНОКРАЈЦИ | Љубовта и уметноста за својот роден крај | 62 | 80.000,00 денари |
| 13 | Здружение на граѓани Иднината е сега - Кавадарци | Cat feeder coin – Машина за хранење на улични мачиња со парички | 61 | 80.000,00 денари |
| 14 | Здружение на граѓани "Џаламари-Василичари" Кавадарци | Набавка на опрема за подобрување на активности на Здружение на џаламари василичари | 59 | 70.000,00 денари |
| 15 | Здружение Фестивал Карневал | Интернационален фестивал за деца - Гроздоберче | 57 | 60.000,00 денари |
| 16 | Здружение на граѓани Ластарчиња лозарчиња | Гласот на Тиквешијата: Растеме заедно – Музика за сите | 56 | 60.000,00 денари |
| 17 | Здружение за родова еднаквост "Визија" Кавадарци | Женска дигитална задруга – Една за сите, сите за една | 55 | 50.000,00 денари |
| 18 | Здружение на граѓани Зона | Превенцијата е здравје | 54 | 50.000,00 |

| ПРОЕКТИ КОИ НЕ СЕ ОДОБРЕНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр | Организација | Проект | Бодови | забелешка (одобрени средства) |
| 1 | Здружение на граѓани "Блашница" - Кавадарци | Изградба на систем за вода за пиење до населба Блашница – Клинска Леса | 26 | / |
| 2 | Здружение за одржливо управување со природни ресурси ТИКВЕШИЈА од Кавадарци | Справување со последиците од вирусот на афричката чума како елементарна непогода | 25 | / |
| 3 | Здружение на граѓани Мултисинапсис | Рана детекција и превенција во предшколска возраст | 24 | / |
| 4 | Здружение за креативни индустрии, наука и култура КРЕ-АРТ ХАБ Кавадарци | КРЕ – АРТ ХАБ Караван | 9 | / |
| 5 | Здружение за заштитата и унапредувањето на животната средина ГРИНТИМ Кавадарци | BEE AWARE Биодиверзитет и одржливо пчеларство за средношколци во Кавадарци | 9 | / |
| 6 | Инвалидско здружение на лица со стома | Социјална инклузија на лица со стома | 9 | / |

Член 2

Одобрените финансиски средства ќе се исплатат врз основа на склучен Договор за финансирање согласно моменталните состојби на општината кои се однесуваат на исполнувањето на Буџетот.

Член 3

Одобрените финансиски средства треба да се користат наменски за проектни активности предвидени во доставените предлог проекти.

Член 4

Одлуката влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08- 3567/33
20.06.2025 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
д-р Стојанчо Рамов